Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење

**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025 ГОДИНА ДО 31.12.2025 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2026 година**

**Содржина**

1. **Вовед ............................................................................................3**
2. **Реализирани активности согласно Програма за 2025 година за дејствување на МБА.......................................................................4**
3. **Финансиски извештај за период од 01.01. до 31.12.2025 година .......13**
4. **Заклучок .......................................................................................14**

**Вовед**

Во Извештајот за реализираните активности на Македонската банкарска асоцијација (во понатамошниот текст: МБА) се прикажани најзначајните активности спроведени во согласност со Програмата за дејствување за 2025 година. Извештајот дава сеопфатен преглед на клучните настани, иницијативи и достигнувања што го одбележаа работењето на Асоцијацијата во периодот заклучно со 31.12.2025 година.

Во текот на овој период, МБА ја презеде улогата на **администратор на апликацијата Spider SKIBOR** и започна со редовно дневно објавување на каматната стапка СКИБОР на својата веб-страница. Собранието на МБА ја прифати понудата на Македонското кредитно биро АД Скопје за развој и користење на **онлајн платформа за пополнување на ЕСГ-прашалник**, со што се унапредија процесите поврзани со одржливото работење на банките.
Со цел обезбедување долгорочна поддршка и солидарност, на 50. седница Собранието на МБА донесе одлука за формирање на **Фондацијата „Заедно за едно“**, наменета за помош на настраданите во трагичниот настан во Кочани од 01.04.2025 година, при што беше упатен и јавен повик за вклучување.
Во областа на финансиската едукација, македонскиот тим составен од учениците Марин Христоски и Алексеј Мицкоски од ООУ „Кире Гавриловски – Јане“ од Прилеп, под менторство на наставничката Соња Јорданоска, го освои **второто место на Европскиот квиз на пари** на европското финале што се одржа во Брисел, Белгија..
Особено значаен настан претставуваше прифаќањето на апликацијата на нашата земја од страна на Европскиот совет за плаќања на 6 март 2025 година, со што Северна Македонија стана трета земја од Западен Балкан што **се приклучи на географскиот опсег на СЕПА**. Македонските банки постигнаа исклучителен успех во подготовката на своите системи и во имплементацијата на регулативата за СЕПА-трансакциите во исклучително краток рок од шест месеци, што претставува рекорд во рамките на европскиот банкарски сектор.
Во насока на унапредување на стручните знаења, беше воспоставена **соработка со European Fund for Southeast Europe**, во чии рамки на 1 и 2 октомври 2025 година се одржа првиот дводневен семинар организиран од Одделението за едукација при МБА, со финансиска поддршка од Европската Унија и во соработка со компанијата Op2M d.o.o. од Загреб. Семинарот под наслов „Bank Resolution and Recovery – SEE Perspective“ обезбеди сеопфатен преглед на клучните принципи, алатки и стратегии во согласност со Директивата на ЕУ за решавање на банки и нејзината имплементација во регионот на Југоисточна Европа.
Во организациски аспект, на 54. седница на Собранието на МБА, одржана на 24.10.2024 година, беше донесена одлука за констатирање на **престанок на функцијата заменик-претседател на Бојан Стојаноски.**
МБА активно учествуваше и во меѓународниот **проект MiCreS**, што се спроведува во рамки на конзорциум од 13 партнери од цела Европа, со Франкфуртската школа како координатор. Во рамки на овој проект беше успешно лансирана пилот-програмата за микро-креденцијал за ESG во финансиските услуги, која официјално започна со имплементација во Ирска и во Малта.

Детални месечни извештаи за реализираните активности се достапни на веб-страницата на МБА www.mba.mk, во делот „Само за членови“.

**Реализирани активности согласно Програмата**

***Редовни активности***

- **редовно одржување седници на Собранието на МБА (во текот на цела година**)
    - 13.02.2025 година, одржана 49 - та седница на Собранието на МБА
    - 01.04.2025 година, одржана 50 - та седница на Собранието на МБА
    - 28.04.2025 година, одржана 51 - та седница на Собранието на МБА
    - 11.07.2025 година, одржана 52 - та седница на Собранието на МБА
    - 08.10.2025 година, одржана 53 - та седница на Собранието на МБА
    - 24.10.2025 година, одржана 54 - та седница на Собранието на МБА
    - 02.12.2025 година одржан состанок на претставници од УО на членките на МБА
- **редовно објавување на Националната референтна каматна стапка НРКС**

  НРКС се објавува на веб страната на МБА согласно усвоените Правила за објавување
- **редовно објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити СКИБОР (Skopje Interbank Offered Rate)**

  СКИБОР се објавува на веб страната на МБА согласно усвоените Правила за објавување
    - **Одбор за избор и следење на референтни банки**
        - 24.01.2025 година, до Народна банка доставено известување за завршување на тестирање Spider SKIBOR апликацијата а до референтните банки барање листа на овластени SKIBOR корисници
        - 03.02.2025 година, Известување за започнување со објавувањето на каматната стапка СКИБОР (Skopje Interbank Offered Rate) преку МБА
        - 19.3.2025 година, одржана 18. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки - Одобрена процедура за работа на МБА како SKIBOR администратор
        - 25.06.2025 година, одржана 19. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
        - 19.09.2025 година, одржана 20. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
        - 24.12.2025 година, одржана 21. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки

- **редовно одржување на состаноци на Комисиите на МБА**

  Заклучно со 31.12.2025 година, одржани се **96 состаноци на комисиите** и тоа:
  - Правна комисија 3
  - Комисијата за СПП и усогласеноста со прописи 9
  - Комисија за ризици 5
  - Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ 6
  - Комисија за документарно работење 14
  - Комисија за платен промет во земјата 9
  - Комисија за ликвидност 5

- Комисија за информативна сигурност 4
- Комисија за човечки ресурси 7
- Комисија за финансиско реструктуирање 1
- Комисија за работа со хартии од вредност 10
- Комисијата за заштита на лични податоци 9
- Комисија за ЕСГ 12
- Комисија за Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство 6

- **редовно издавање на МБА е – билтен**

  Објавено 17,18 и 19-то издание на МБА Е-билтенот

- **соработка со Народна банка, Министерството за финансии и другите институции важни за одржување на финансиската стабилност во земјата**

  Во текот на 2025 година, МБА оствари интензивна соработка со Народната банка, Министерството за финансии, Централниот регистар, Управата за јавни приходи, Комисијата за хартии од вредност, Развојната банка и други надлежни институции, со цел унапредување на регулативата и одржување на финансиската стабилност.

  Во рамки на оваа соработка беа доставени бројни мислења, коментари, иницијативи и барања, кои се однесуваа на платниот промет, СЕПА-интеграцијата, регулативата за капитал и ликвидност, макропрудентните мерки, заштитата на потрошувачите, информатичката сигурност, ЕСГ-прашањата, сметководствените стандарди, даночната регулатива, електронската наплата, дигитализацијата и примената на нови финансиски услуги.

  Посебно значајна беше соработката во областа на платните системи, инстант-плаќањата, електронската присилна наплата, девизното работење, регулативата за решавање банки, како и во процесите поврзани со финансиските инструменти и капиталниот пазар.

  Преку континуирана комуникација и координација со релевантните институции, МБА активно придонесе за заштита на интересите на членките и стабилен развој на финансискиот систем.

  До Комисиите при МБА се проследени 340 известувања и дописи примени од надлежни институции во форма барања за произнесување по нацрт законски и подзаконски акти, одговори, анкети и други барања.

- **организирање полагање на испитите за АЦИ (ACI Financial Market Association) -** реализирани полагања на 27.06.2025 и 19.12.2025 година

- **организирање прослава по повод Светскиот ден на штедење, во соработка со Фондот за осигурување на депозити на РСМ –** реализирана на 31.10.2025 година

- **редовно известување на јавноста за работењето преку одржување на интернет страната со ажурирани податоци, како и користење на медиуми (социјални медиуми, интернет портали, печат, радио и телевизија)** – реализрано преку редовно објавување на веб страната и социјалниот медиум LINKEDIN и редовно доставување одговори на новинарски прашања

***Соработка со Европската банкарска федерација***

- Редовно проследување покани до членките за вебинари/презентации во организација на European Banking Federation (EBF)
- 23.01.2025 година, присуство на виртуелно издание на 61. Состанок на асоцијативните членки
- 23.05.2025 година, учество на националните победници на европското финале на Европскиот квиз на пари во Брисел, Белгија каде го освоија второ место
- 17.10.2025 година, присуство на извршниот секретар на МБА на 63. состанок на асоцијативните членки во Тирана, Албанија

***Соработка со Европската тренинг асоцијација за банкарство и финансиски услуги (European Banking and Financial Services Training Association, EBTN)***

- 10.10.2025 година, присуство на претседателката на МБА и одговорното лице на одделението за едукација на годишниот состанок на Европската тренинг асоцијација за банкарство и финансиски услуги EBTN, во Букурешт, Романија

***Соработка со Sustainable Banking and Finance Network SBFN –*** Комисијата за ЕСГ беше во континуирана комуникација во текот на цела година

***Соработка со БАЦЕЕ***

- Редовно проследување покани за учество на конференции
- 21.10.2025 година, присуство на претседателката МБА на 50. јубиларна меѓународна банкарска конференција на BACEE, во Виена, Австрија

***Реализирање на активности согласно потпишаните меморандуми за соработка***

- 28.7.2025 година потпишано писмо за намери со кое Македонската банкарска асоцијација се приклучува кон националната коалиција што ќе работи на имплементацијата на Women Entrepreneurs Finance Code во нашата земја.
- 01.10.2025 година, потпишан Меморандум за соработка со Меѓународниот балкански универзитет (МБУ) преку Факултетот за економски и административни науки

***Едукативни активности***

- Редовно проследување покани за едукативни настани до Комисијата за човечки ресурси и релевантните комисии

- 03.02.2025 година, доставени обрасци до Народната банка за спроведување на стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија
- 17.02.2025 година, одржана дебата на тема „Trade Finance Red Flags“ во органицација на Комисијата за документарно работење
- 19.02.2025 година, присуство на членови на МБА на виртуелен состанок на работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација
- 19.02.2025 година, доставено известување за активности што Македонската банкарска асоцијација ги врши во однос на финансиска едукација до ЕБФ
- 05.03.2025 година, доставена листа на контакт лицата задолжени за финансиска едукација во банките до Народна банка
- 13.03.2025 година, присуство на претседателството на МБА, на 3-тиот состанок на MiCreS проектот, одржан во Милано, Италија
- 24.03.2025 година, одржана презентација од UNDP за претставници од банкарскиот сектор под наслов Инфо-сесија со партнерски финансиски институции за комуникации на Зелениот финансиски инструмент
- 09.04.2025 година, одржана работилница на тема „Hungarian Instant Payment & Treasury Technology“ во организација на Амбасадата на Република Унгарија и Македонската банкарска асоцијација
- 29.04.2025 година, одржан состанок на претседателката на МБА, извршниот секретар и одговорното лице за едукација при МБА со претставници од ATTF-House of Training Luxembourg и Министерство за финансии
- 29.04.2025 година, одржан состанок на Комисијата за човечки ресурси при МБА со претставници од ATTF-House of Training Luxembourg и Министерство за финансии
- 12.06.2025 година, одржан едукативен настан посветен на специјалистичка дебата за добри и лоши практики во областа на Trade Finance услугите, во организација на Комисијата за документарно работење при МБА
- 19.06.2025 година, виртуелно присуство на претставници од МБА на третиот состанок за MiCreS проектот, кој се одржа во Даблин, Ирска
- 23.06.2025 година, присуство на претставници од МБА на онлајн состанок на работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација
- 24.06.2025 година, одржана презентација од компанијата Amplitudo од Црна Гора за членовите на Комисијата за човечки ресурси
- 03.07.2025 година, доставен периодичен извештај за MiCreS проектот
- 01.09.2025 година, доставена Листа на АТТФ приоритени тренинг курсеви за 2026 година до Министерството за финансии
- 19.09.2025 година, одржан едукативен настан на тема ESCROW работење, во организација на Комисијата за документарно работење во соработка со Правната комисија при МБА
- 01.10.2025 година, присуство на претставници од МБА на виртуелен состанок на работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација

- 01.10-02.10.2025 година, одржан дводневен семинар на тема Bank Resolution and Recovery, организиран од Одделението за едукација при МБА во соработка со Op2M d.o.o. и Finance in Motion GmbH, и финансиска помош од Европската Унија
- 24.10.2025 година, доставено барање до Frankfurt School of Finance & Management за втора уплата за претфинансирање за проектот MiCreS
- 07.11.2025 година, одржана работилница на тема „Неуредна презентација (во акредитивното работење), во организација на Комисијата за документарно работење
- 19.11.2025 година, доставен до Народна банка пополнет прашалник кој се однесува на актуелната Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија во Македонија 2021-2025, со мислење за изработка на новата стратегија
- 20.11.2025 година, одржан виртуелен состанок на Одделението за едукација, претседавачот на Комисијата за ризици и претставници од Op2M, во врска со организација на семинари во 2026 година за Комисијата за ризици
- 12.12.2025 година, присуство на претставници од МБА на виртуелен состанок на работната група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација
- 12.12.2025 година, одржана првата работилница за ЕСГ прашалникот

- **организирање на националниот натпревар за Европскиот квиз на пари**
  - 17.01.2025 година, објавен јавен повик до основните и средните училишта во Република Северна Македонија за учество во меѓународниот натпревар – Европски квиз на парите
  - 28.02.2025 година, одржан подготвителен состанок со претставници од Народната банка и Комисијата за хартии од вредност и пријавените ментори и нивните ученици на Европскиот квиз за пари
  - 01.04. и 04.04.2025 година, одржан националниот натпревар ЕКП 2025 (прв и втор круг)
  - 01.07.2025 година, одржан настан за доделување награди на најдобрите тимови од Европскиот квиз за пари за 2025 година

***Други активности***

- **учество на претставници на МБА (претседателство, вработени и претставници на комисиите) на настани организирани од други банкарски здруженија, семинари, работилници и други настани**
  - 14.01.2025 година, одржан состанок на претседателството на МБА со претставници на Европската Централна Банка
  - 16.01.2025 година, присуство на претставници од МБА на Презентација за Одлуката за МРЕЛ, во организација на Народна банка

- 29.01.2025 година, присуство на претставници на Комисијата за платен промет и Комисијата за ликвидност на работилница на тема технички и правни аспекти на приклучувањето кон платежните шеми во областа СЕПА, во Народната банка
- 04.02.2025 година, одржан состанок на претседателството на МБА со претставници на ММФ
- 10.02.2025 година, присуство на претставници од Комисијата за платен промет на состанок во Централен регистар на тема EPC каталог
- 11.02.2025 година, присуство на претседателката на МБА и претседавачите на Правната комисија, Комисијата за ризици, Комисијата за сметководство, МСФИ и даноци и Комисијата за ЕСГ на состанок во Министерство за финансии со претставници од Светска банка
- 26.02.2025 година, одржан состанок на претседателството на МБА со претставник од Moody’s Ratings
- 18.03.2025 година, присуство на виртуелен настан - Презентација во реализација на Борика, оператор на платни системи и Клириншка куќа во Бугарија
- 21.03.2025 година, присуство на претставници од Комисијата за информативна сигурност на првиот работен состанок на Работната група за подготовка на Законот за изменување и дополнување на законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги формирана при Министерство за дигитална трансформација
- 01.04.2025 година, присуство на работен состанок во Народна банка на претседавачите на Правната Комисија, Комисијата за платен промет и Комисијата за СПП – Активности за интеграција на банките во СЕПА
- 03.04.2025 година, учество на претседавачот на Комисијата за ЕСГ како панелист на II регионална конференција на сметководители и овластени сметководители „Нова ера во сметководството – Стандардите како предизвик, технологијата како сојузник“, во организација на ИСОС
- 04.04.2025 година, присуство на работен состанок во Народна банка на Работната група за избор на модел за порамнување, формирана при Комисијата за ликвидност
- 11.04.2025 година, присуство на работен состанок во Народна банка со Комисијата за платен промет на тема Одлука за извршување платежни трансакции и Одлука за начинот за извршување платежни трансакции со странство
- 11.04.2025 година, присуство на Комисијата за платен промет во земјата и странство на презентација на тема SEPA од страна на италијанската банка BFF Bank S.p.A, во организација на Народната банка
- 15.04.2025 година присуство на работен состанок на Комисијата за заштита на лични податоци со претставници на Агенцијата за заштита на личните податоци
- 23.04.2025 година присуство на работен состанок на Комисијата за документарно работење со претставници од Царинската управа

- 08.05.2025 година, учество на претседателството на МБА на состанок во Народна банка на Националниот совет за платни системи (НСП)
- 13.05.2025 година, присуство на работен состанок на претставници на Комисијата за платен промет во Народна банка, во врска со предлог измените на Стандардот за намената и формата на пораките во МИПС
- 16.05.2025 година, учество на јубилејното 30. годишно собрание на АЦИ Македонија, Здружение на финансиски пазари, на претседателката и извршниот секретар на МБА
- 22.05.2025 година, учество на онлајн работилница на Комисијата за платен промет, Комисијата за СПП и усогласеност со прописите, Правна Комисија и претставници на Дирекциите за информатичка технологија на тема: Подготовка на ДПУ на земјите од Западен Балкан за интеграција во СЕПА преку правна и техничка подготвеност, во организација на Советот за регионална соработка (СРС) а на покана на Народна банка
- 28.05.2025 година, присуство на работен состанок на претставници на Комисијата за платен промет во Централен регистар
- 12 јуни 2025 година, присуство на Комисијата за ликвидност на работилница во организација на EBRD и ISDA на тема: NEW DERIVATIVES AND FINANCIAL COLLATERAL REGIME FOR NORTH MACEDONIA, во Министерство за финансии
- 13.06; 25.06.2025 година остварена средба на претседателството на МБА со Гувернерот на Народната банка на РСМ
- 13.08.2025 година, присуство на претседавачите на Комисија за платежни картички и дигитално банкарство на работилница на тема: Дискусија и коментари на Нацрт - стратегијата за намалување на готовинските плаќања во Северна Македонија, во Министерството за финансии
- 04.07.2025 година, учество на претставници од Комисијата за ЕСГ и Комисијата за ризици на работилница за презентација на алатка - Навигатор за ризиците поврзани со климатските промени во Народната банка
- 04.07.2025 година, учество на работен состанок на претставници на Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство во Народната банка
- 17.07.2025 година, присуство на членовите на Комисијата за платежни картички и дигитално банкарство на презентација на тема: Платформа со дигитални канали за инстант плаќања во организација на Клириншка Куќа КИБС
- 13.08.2025 година, учество на претставноци на МБА во Дискусија по Нацрт-стратегијата за намалување на готовинските плаќања во Северна Македонија, во организација на Министерството за финансии
- 18.09.2025 година, присуство на работилница на членовите на Комисијата за платен промет на работилница во Народна банка на тема Прилагодување на меѓународниот стандард ISO 20022 преку воведување на нов софтвер за МИПС
- 13.10.2025 година, работна средба со гувернерот д-р Трајко Славески
- 14.10.2025 година, одржана презентација од КИБС за претставници од Управните одбори на членките на МБА за претставување на можностите за

техничко и оперативно поврзување на банките во платежните шеми на СЕПА преку КИБС

- 16.10.2025 година, работна средба во Управата за финансиско разузнавање со претставници од Кривичен суд на тема примена на привремени мерки за замрзнување и одмрзнување на средства на банкарски сметки од страна на банките
- 15.10.2025 година, одржана средба на претседавачите на Комисијата за платен промет со секретар за економски прашања при Амбасадата на Народна Република Кина во Република Македонија
- 28.10.2025 година, учество на претставници од МБА на панел-дискусијата „СЕПА за сите: Како интеграцијата им користи на компаниите и граѓаните“, на 16. конференција за плаќањата и пазарната инфраструктура, организирана од Народна банка
- 14.11.2025 година, присуство на претставници на Комисијата за платен промет и ИТ секторите на состанок во Народна банка на тема - Проект за воспоставување платен систем за инстант плаќања, базиран на клон на европскиот систем ТИПС (TARGET Instant Payment Settlement) развиен од Банката на Италија со поддршка на ЕЦБ
- 18.11.2025 година, присуство на Комисијата за ЕСГ на вебинар од областа на IFRS Sustainability Disclosure Standards for Banks, во организација на Sustainable Banking and Finance Network (SBFN) in partnership with the UNEP-FI and Alliance for Green Commercial Banks

- 28.10.2025 година, учество на членови на Собранието на МБА на панел дискусијата на 16. конференција за плаќањата и пазарната инфраструктура, на тема СЕПА за сите: Како интеграцијата им користи на компаниите и граѓаните, во организација на Народна банка
- 11.11.2025 година, присуство на претставници од Комисијата за ЕСГ на настан посветен на унапредување на корпоративните практики за одржливост, Економски факултет - УКИМ, во организација на Американската стопанска комора
- 14.11.2025 година, присуство на претставници на Комисијата за платен промет и ИТ секторите на состанок на тема - Проект за воспоставување платен систем за инстант плаќања, базиран на клон на европскиот систем ТИПС (TARGET Instant Payment Settlement) развиен од Банката на Италија со поддршка на ЕЦБ, во Народна банка
- 25.11.2025 година, присуство на одговорното лице за едукација при МБА на конференција на тема: “Ризиците поврзани со климатските промени и финансиската стабилност: Управување со денешните предизвици и утрешните можности”, организирана од Народна банка
- 27.11.2025 година, присуство на одговорното лице за едукација при МБА на настан во организација на EY North Macedonia на тема „Одржливоста во пракса“

- 28.11.2025 година, Учество на претставник на МБА на семинар во организација на Комората на извршители на РСМ на тема „Проблеми во наплатата на побарувањата
- 11.12.2025 година, присуство на претставници од Комисијата за СПП и усогласеност со прописи на работилница за подигање на свеста за Резолуциите 1267 и 1373 на Советот за безбедност на ОН, организирана од Управата за финансиско разузнавање
- 16.12.2025 година, присуство на состанок во Народната банка на Комисијата за ЕСГ и Комисијата за ризици со претставници и ЕИБ на тема Навигатор за климатски ризици
- 17.12.2025 година, состанок на претставници на Комисијата за документарно работење со претставници на Народната банка
- 18.12.2025 година, присуство на состанок на претставници од УО на членките на МБА со гувернерот на Народната банка
- 19.12.2025 година, одржан состанок на претседателката на МБА со амбасадорката и претставници од Амбасадата на Народна Република Кина

**Други настани и останати активности**

- 06.02 и 06.05.2025 година, одржан состанок на Извршен и Надзорен Одбор на АЦИ Македонија
- 06.02.2025 година, номиниран член во работната група за усогласување на националното законодавство со Регулативата (ЕУ) 2024/1183 eIDAS, формирана при Министерство за дигитална трансформација
- 16.04.2025 година, номинирани претседавачите на Комисијата за ЕСГ во Работната група задолжена за подготовка на предлог - Законот за сметководство (ЕСГ директиви) формирана при министерство за финансии
- 09.09.2025 година, номинирани претставници на МБА во Работна група за разгледување на доставените предлози за подобрување на законската регулатива во областа на пазарот на капитал, Законот за финансиски инструменти и Законот за проспект формирана при Министерството за финансии

**Финансиски извештај за период од 01.01.2025 до 31.12.2025 година**

во МКД

| | | План за 2025 година | Реализирано 31.12.2025 година |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **9.514.926** | **11.897.629** |
| 1 | Приходи од членарини и надомести | 6.789.600 | 8.199.372 |
| 2 | Камати и други приходи | 5.000 | 232 |
| 3 | Приходи од други извори (ЕФСЕ) | | 265.121 |
| 4 | Проект Micres | / | 218.262 |
| 5 | Полагање испити ACI FMA | 24.600 | 6.158 |
| 6 | Приходи од семинари | | 61.500 |
| 7 | Средства од основачи на фондација | | 615.713 |
| 8 | Пренос | 2.695.726 | 2.531.271 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **8.239.314** | **10.628.105** |
| 1 | Канцелариски материјали | 39.000 | 71.504 |
| 2 | Услуги за електрична и топлинска енергија<br>За одржување, ИТ и други | 412.012 | 432.032 |
| 3 | Превоз, телефон, ПТТ, др.мат. расходи, ддв | 405.800 | 419.339 |
| 4 | Трошоци за репрезентација | 999.000 | 867.389 |
| 5 | Наем на канцелариски простор и техничка опрема | 1.414.000 | 1.367.540 |
| 6 | Банкарски услуги, курсни разлики нето, нотарски трошоци, осигурување | 46.000 | 36.801 |
| 7 | Службен пат | 197.000 | 219.291 |
| 8 | Сметководствени услуги | 183.600 | 161.320 |
| 9 | Фонд за едукација и унапредување на работата на МБА, договори на дело и друго | 546.996 | 852.780 |
| 10 | Набавка на мебел, компјутер, принтер | 172.000 | 160.855 |
| 11 | Плата, регрес | 3.309.648 | 3.325.027 |
| 12 | Членарини ЕБФ, ЕКП, ЕБТН | 514.250 | 598.514 |
| 13 | Удели во паричен фонд во КБ Инвест | / | 1.500.000* |
| 14 | Пренесени срества согласно акт за основање<br>На Фондација ЗАЕДНО ЗА ЕДНО | / | 615.713 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **9.514.925** | **11.897.629** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **8.239.314** | **10.628.105** |
| **Состојба трансакциска сметка** | | **1.275.612** | **786.553** |
| **Состојба девизна сметка** | | | **512.799** |

- Вкупен износ на 31.12.2025 МКД1.526.037,00

За спроведување на предвидените активности во Програмата за дејствување за 2025 година, се користат средствата собрани од членарина.
МБА добива надомест од ЕУР50,00 за организирање на онлајн полагање на ACI испитите, дел од едукативната програма на ACI Financial Market Association Paris. За прв пат оваа година МБА реализираше приливи како надомест за учество на семинарот Bank Resolution and Recovery - SEE Perspective.

**Заклучок**

Заклучно со 31.12.2025 година, Програмата за дејствување и Финансискиот план на МБА за 2025 година во најголем дел се реализирани во согласност со планираните активности, утврдените цели и предвидените финансиски рамки. Иако во текот на спроведувањето беа забележани одредени отстапувања од првично планираното, истите се резултат на објективни околности и тековни потреби, и не влијаат значајно врз ефикасноста, континуитетот и квалитетот на целокупната имплементација. Во целина, реализацијата може да се оцени како успешна и во согласност со стратешките приоритети на асоцијацијата.